# СЛИКИ ОД БОЛНИЦА

Ристо
**ЛОЗАНОСКИ**
цртежи

*RISTO LOZANOSKI*
*Drawings*



# Ристо **Лозаноски**

1923 -1965

*Risto **Lozanoski***

цртежи
drawings

Музеј на современата уметност, Скопје
мај-јуни 1995
*Museum of Contemporary Art, Skopje*
*may-june 1995*

# Слики од болница

*Pictures from Hospital*

на корицата:
53. Спас, 1964
*cover:*
*53. Deliverance, 1964*

Лозаноски го експлоатира цртежот како алтернативен медиум и во раните педесети години, посебно во времето кога членуваше и дејствуваше со групата "Денес". Повторно му се навраќа при крајот на животот, а причините за тоа се наметнатите,несакани моменти - влошување на здраствената состојба.
Најголемиот дел од последните цртежи се настанати по болниците во Битола и Белград. Денес, релативно комплетно, ги прикажуваме со неколку поводи. Поминаа 30 години од неговата смрт (на 13 мај), со која циклусот е директно поврзан. Вториот е што тие еднаш беа прикажани неколку месеци пред смртта во Работничкиот дом - Универзитет-

*Lozanoski used drawing as an alternative medium as early as the 1950s, especially at the time when he was an active member of the Denes (Today) group. He was to use it once again towards the end of his life, and the reasons for this were undesired and unwelcome — his health grew worse. The majority of his last drawings were made in hospitals in Bitola and Belgrade. We are presenting almost all of them and there are several reasons for this. Thirty years have elapsed since his death (May 13), with which this cycle is directly connected. The second reason is that these drawings were shown a few months before his death in the Workers' University, Skopje, but the exhibition did not include quite the same works, their number*

Скопје, но не со сосема идентични дела и не во ваков обем, ниту пак со текстуална ликовно-естетска и психолошка анализа. Понатаму, за многу од нас тие претставуваат енигма, бидејќи повеќе го имаа третманот на личен запис и како такви беа само дел од интимата и спомените на неговото семејство. Последниот повод е желбата на сопругата, Фанче Лозаноска, за нив да се грижи Музејот на современата уметност, за полесен контакт со јавноста којашто е заинересирана за овој дел од творештвото на авторот. За време на Втората светската војна, Лозаноски тешко се разболува и ги оштетува белите дробови. Последиците трајно ќе ги чувствува, здравјето ќе му биде кревко, па решава битката со болеста да ја води постојано ангажирајќи се на креативен план, понекогаш надминувајќи ги границите на своите можности. Тоа беше бегство, одвлекување на мислата , заборав и

*was smaller and they were presented without any textual, artistic, aesthetic or psychological analysis. Still another reason is that for many of us these works are still an enigma — most of them are personal records, and as such they used to be part of the intimate life and memories of his family. And the last reason for the organization of this exhibition is the wish of his wife, Fanìe Lozanoska, that his works be put under the care of the Museum of Contemporary Art, to provide easier contact with the public interested in this part of the artist's work. Lozanoski acquired a serious disease during the Second World War which damaged his lungs. He felt its consequences all the time and his health was frail. Therefore he decided to wage his struggle against the illness through a permanent commitment on the creative plane, sometimes exceeding the limits of his possibilities. This was an escape, a distraction of thoughts, an oblivion to and disregard of pain of which*



прикривање на болките, за кои реално само тој беше свесен. Така, за време на краткиот животен и творечки век создаде голем опус, заокружен со конкретниве циклуси на цртежи. Својата креативна активност и буквално ја заврши во болничкиот кревет, неговото последно ателје, кое го "користеше" цели две години, со кратки паузи. Логично се наметна инспирацијата да ја пронајде во тој амбиент, а искуствата претходеа од една друга општо-човечка трагедија -

2. Мајка со дете, 1954
*Mother and Child*

*he only was aware. Yet during his brief and creative life he produced a large opus completed by the cycles of drawings shown here.*
*He literally ended his creative activity in the hospital bed — his last studio — which he 'used' for two whole years, with only short breaks. It was only too logical to look for inspiration in this environment, while his previous experiences were of another human tragedy — the 1963 Skopje earth-*



земјотресот во Скопје 1963-та, за која, исто така остави релевантни белешки. Трагедијата на субјективното страдање и изразување на внатрешната борба на душевната експресија (многу блиско на германскиот експресионизам), е дотогаш не појавен момент во практиката на нашата современа уметност. Факт што понатаму ќе го сретнуваме инцидентно во сликите на Петар Мазев, посебно

57. Земјотрес 3, 1964
*Earthquake 3*
58. Земјотрес 4, 1964
*Earthquake 4*

*quake — of which he also left relevant records. The tragedy of subjective suffering and a depiction of the internal struggle of mental expression (very close to German expressionism) was a yet unseen element in the practice of modern Macedonian art. This is an element which we later encountered*



во скулпторските остварувања на Анета Светиева од последната фаза. Концентрираноста врз проблемите на сопственото битие, што го доведува авторот до посебни духовно-креативни состојби, претставуваат драгоценост и раритет. Овие состојби кај него се чувствуваа, но во критичните моменти кулминираа, така што цртежите станаа отргнат сегмент од глобалните ликовно-тематски

*incidentally in Petar Mazev's paintings, and especially in Aneta Svetieva's sculptures in her most recent* phase. The centredness on the problems of one's own being, which leads the artist to special spiritual and creative states, are indeed something precious and rare. These states could be felt with Lozanoski and they*

---

29. На носилка 1, 1964
*On Stretcher 1*



преокупации (пејзажот и апстрактниот пејзажизам). Тоа беше изнудена преориентација кон навидум конкретни, фактички надреални состојби, забележливи и во претходните размислувања, со и во инакви инспиративно-егзистенцијални контексти. При подобро загледување се разоткриваат други конотации на пораката и на изразната моќ, иако при тоа не им е одземен илустративниот

*culminated in the critical moments so that his drawings became a segment extracted from his global artistic and thematic preoccupation (landscape and abstract landscapism). This was a forced reorientation towards apparently concrete but in fact surreal conditions, perceptible also in his previous speculations, but in a different inspirational*

32. Цимер 1, 1964
*Roommate 1*



карактер. Тој се служи со експресивна театралност, не пренагласена, одвојувајќи конкретни ликови со цел да ја зголеми напнатоста на сцената, дури и со препотенцирање на прикажаните морничави ситуации. Вознемиреност, немир, како рефлекс на душевното растројство на индивидуата, но сепак се насетува одредена воздржаност на неговите чувства, во смисла на

*existential context. On a closer look we can also reveal other connotations in the message and expressive power, even though his works are not deprived of their illustrative character. He uses expressive but not overemphasized theatricality, singling out specific figures in order*

---

20. Во чекална 1, 1964
*In the Waiting Room 1*

38. Болнички кревет - жена, 1964
*Hospital Bed - Woman*





контролирање на линијата што ги дефинира човечките фигури. Лозаноски во оваа галерија на ликови, кои сонуваат идентичен аветински сон, се обидува да им ги задржи карактерните црти. Тоа се оние личности што го опкружуваат или е самиот тој. Неговиот ангажман се претвора во сочувство. Човекот мора да се најде во таква опколеност, каков што е случајот со него, за да се идентифицира. Пеколот на болничкиот простор и атмосфера се назначени со минимални интервенции, било да се работи за ентериер или екстериер - болнички круг, болничка соба, болнички кревет во преден план, а до него неизбежните цевки за довод на воздух. Нивното потенцирање е резултат на личната потреба за кислород, потребата за живот. Претставите на легнатите, односно исправените издолжени и скоро неподвижни мажи, жени, деца, облечени во болнички униформи, со широко отворени очи и не

*to strengthen the tension of the scene, even by overeaggeration of the macabre situations shown. Agitation, anxiety, as a reflection of the individual's mental disturbance — but there is still a certain restraint of the individual's feelings in the control of the line which defines human figures. Lozanoski tries to preserve the character-traits in this gallery of figures, all of whom dream the same ghostly dream. These are persons who surround him or it is he himself. His commitment turns into empathy. A man must find himself in such surroundings — as was the case with him — in order to identify himself with them. The hell of the hospital surroundings and atmosphere are expressed by a minimum of elements, regardless of whether it is an interior or exterior: hospital grounds, hospital room, or hospital bed in the forefront, and beside it the*

45. Женски фигури во чекална, 1964
*Female Figures in Waiting Room*







фокусиран поглед, се одраз на глетките што секојдневно му се повторуваа во текот на навистина долгиот престој во тој ограничен амбиент. Ги илустрира "идиличните" прошетки по дворот, како спас од затворениот простор и од белите мантили, како шанса да се вдише свеж воздух, шанса да се комуницира со здрави луѓе, да се допре обичниот живот, се со желба да му се врати.

Цртежите му беа најкраткиот превод на овие силни чувства, што сакаше да ги пренесе и во името на оние што не можат да се искажат на овој начин. Дури и во моментите на потполна исцрпеност на организмот, потпирајќи ја раката и искашлувајќи се за да може да го заврши цртежот, успешно изведуваше неповторливи крокии со фломастерот.

Исклучителна личност и редок творечки дух во нашата средина. По искажувањето на неговите најблиски, во него тлеела искра

на претходните страни:

47. Женска фигура во чекална, 1964
*Female Figure in Waiting Room*

50. Војник на прошетка, 1964
*Soldier Going for a Walk*

*unavoidable tubes. Their emphasis is a result of his personal need for oxygen, his need to live. The images of the elongated and almost motionless men, women and children, lying or upright, dressed in hospital garb, with their eyes wide open and their unfocussed gaze are a reflection of the scenes which he saw every day during his long stay in this restricting environment. He illustrates his 'idyllic' walks in the yard as a deliverance from the closed space and white uniforms, as a chance to breathe fresh air, a chance to communicate with healthy people, to touch everyday life, with a desire to return to it.*

*His drawings were the shortest translation of these strong feelings which he*

10. Болнички двор 1, 1964
*Hospital Yard 1*



надеж дека ќе ја победи болеста и дека повторно ќе бидат заедно. Изложените цртежи тоа не го потврдуваат, тие ниту нудат некаква можност тоа да се насети.

Марика Бочварова Плавевска

*wanted to convey on behalf of those who could not express themselves in this way. Even at moments of total exhaustion, still supporting his arm and coughing up in order complete his drawing, Lozanoski made unparalleled sketches with his felt-pen.*
*He was an exceptional man and a rare creative figure in our environment. According to the words of those closest to him, he had a spark of hope that he would overcome his illness and that all of them would be together again. Yet the drawings exhibited here do not confirm such a belief — they do not offer even the slightest possibility of such a hope.*

*Marika Bočvarova Plavevska*

---

26. Во чекална 7, 1964
*In the Waiting Room 7*



Ристо Лозаноски е роден 1923 во с. Големо Илино. Умира 1965 во Белград. Академија за ликовни уметности завршува во Белград 1950/51, во класата на проф. Недељко Гвозденовиќ. Во Прилеп работи како професор во Гимназијата, а подоцна како раководител во Народниот театар. По преселувањето во Скопје раководи со ликовниот сектор во Работничкиот дом-Универзитет. Член е на групите "Денес" и "Мугри". Студиски престој во Италија и Франција.

Born 1923 in the village of Golemo Ilino. Died 1965 in Belgrade. Graduated from the Academy of Fine Arts in Belgrade in the class of Professor Nedeljko Gvozdenovic in 1950/51. He worked as a Professor in the Prilep Hight School and later on as a director of the National Theatre in Prilep, and after moving to Skopje, as a director of the Art Department in the Workers' Hall. Member of the groups Denes (Today) and Mugri (Dawn). Has made study trips to Italy and France.



19. Немир, 1964
*Agitation*



## Ристо Лозаноски

самостојни изложби

1941 Прилеп, читалиште "Надежда" (како аматер);
1954 Прилеп, Сала на Народната банка;
Прилеп (со Стефан Василевски);
1956 Скопје, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Белград, (со Димче Протуѓер), Клуб на уметници, училиште "Гоце Делчев"; Прилеп; Младински дом; КУД "Коста Абрашевиќ"; Струга; Графички колектив.
1957 Скопје,Уметнички павилјон;
1959 Скопје, Работнички дом;
1960 Скопје, Работнички дом;
1962 Скопје, (со Томо Шијак) Работнички дом;
1963 Велес, Штип, Скопје (продажна изложба);
Прилеп, (ретроспективна изложба) Шаховски клуб; Битола,(ретроспективна изложба);
1965 Скопје, Работнички дом;
1969 Скопје, (Комеморативна ретроспективна изложба) Уметничка галерија;
1970 Прилеп,(ретроспективна изложба) Работнички дом;
1986 Прилеп, (ретроспективна изложба) Дом на културата "Марко Цепенков"; 1986/87 Скопје, (ретроспективна изложба) Музеј на современата уметност.

значајни групни изложби

од 1951 учествува на изложбите на ДЛУМ;
1953, 1954 и 1955 на изложбите на групата "Денес" во Скопје;
1959 Скопје, 15 години ликовно творештво во Македонија, Уметнички павилјон;
1960 и 1961 на изложбите на групата "Мугри" во Скопје, Белград;
1960 Скопје, Македонски пејзаж
1950-1960, Уметничка галерија;
1962 Скопје, Македонски портрет 19 и 20 век, Уметничка галерија;
1967 Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија, Музеј на современата уметност; 1969 Словењ Градец, Ангажирана уметност во Југославија 1919-1969, Umetnosna galerija;
1980 Белград, Југословенско сликарство во шестата деценија,Музеј савремене уметности;
1983 Скопје "Денес, 1953-1983", Уметничка галерија;
1984 Скопје, 40 години македонско ликовно творештво 1944-1984, Музеј на современата уметност;
1985/86 Белград, Нови Сад, Сараево, Скопје,Марибор, Љубљана, Цетиње, Загреб, Приштина: Југословенска графика
1950-1980, Muzej savremene umetnosti; Galerija suvremene likovne umetnosti; Umjetnička galerija BIH; Музеј на современата уметност; Umetnosna galerija; Moderna galerija;Умјетнички музеј Црне Горе; Galerija suvremene umjetnosti; Galerija umetnosti.
1986 Скопје, Еротизмот во современата македонска ликовна уметност, Центар за култура и информации;
1987 Скопје, Геометризмот и неговите видови во македонското сликарство, Музеј на Македонија;
1988 Македонска ликовна уметност
1948-1988, Уметничка галерија;
1992 Апстрактното сликарство во Македонија 1960-1990, Музеј на современата уметност;
1994/95 Антологија на македонската ликовна уметност
1894-1994 Музеј на современата уметност.

награди:

Орден на трудот од трет ред, 1957; Орден за заслуги за народот со сребрена ѕвезда, 1962.

каталог
catalogue

1. Тутунонижачка, 1953/54, туш на хартија, 29,5x21
Woman Stringing Tobacco
2. Мајка со дете, 1954, туш на хартија, 21x29,5
Mother and Child
3. Турска бања 1, 1954, туш на хартија, 29,5x21
Turkish Bath 1
4. Турска бања 2, 1954, туш на хартија, 29,5x21
Turkish Bath 2
5. Турска бања 3, 1954, туш на хартија, 29,5x21
Turkish Bath 3
6. Бардак, 1954, туш на хартија, 29,5x21
Pitcher
7. Селанка со дете, 1954, туш на хартија, 29,5x21
Country Woman with Child
8. Прошетка, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Walk
9. Болен, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Patient
10. Болнички двор 1, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Hospital Yard 1
11. Болнички двор 2, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Hospital Yard 2
12. Болнички двор 3, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Hospital Yard 3
13. Автопортрет во кревет 1, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Self-portrait in Bed 1
14. Автопортрет во кревет 2,1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Self-portrait in Bed 2
15. Потреба за кислород 1, 1964,фломастер на хартија, 21x30
Need for Oxygen 1
16. Потреба за кислород 2, 1964, фломастер на хартија, 21x30
Need for Oxygen 2
17. Потреба за кислород 3, 1964, фломастер на хартија, 21x30
Need for Oxygen 3
18. Потреба за кислород 4, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Need for Oxygen 4
19. Немир, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Agitation
20. Во чекална 1, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 1
21. Во чекална 2, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 2
22. Во чекална 3, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 3
23. Во чекална 4, 1964, фломастер на хартија, 30,5x21,5
In the Waiting Room 4
24. Во чекална 5, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 5
25. Во чекална 6, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 6
26. Во чекална 7, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 7
27. Во чекална 8, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
In the Waiting Room 8
28. Преглед, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Medical Checkup
29. На носилка 1, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
On the Stretcher 1
30. На носилка 2, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
On the Stretcher 2
31. Портрет на цимерот, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5
Portrait of My Roommate
32. Цимер 1,1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Roommate 1
33. Цимер 2, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Roommate 2
34. Портрет на болен, 1964, фломастер на хартија, 29,5x20,5.
Portrait of a Patient
35. Потрет на сестра Марика, 1964, фломастер на хартија,30,5x21,5
Portrait of Nurse Marika
36. Болнички кревет, 1964, фломастер на хартија, 20,5x29,5
Hospital Bed
37. На носилка - Лозан, 1964, туш на хамер, 50x70,5
On the Stretcher – Lozan
38. Болнички кревет - жена, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Hospital Bed – Woman
39. Портрет на болен, 1964, фломастер на хамер, 50x35,2Г
Portrait of a Patient

40. Болен во кревет, 1964, туш на хамер,70,5x50
Patient in Bed
41. Болничка соба, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Hospital Room
42. Болнички простор, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Hospital Space
43. Болнички амбиент, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Hospital Surroundings
44. Пред операција, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Before Operation
45. Женски фигури во чекална, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Female Figures in Waiting Room
46. Две женски фигури во чекална, 1964, туш на хамер, 70,5x5o
Two Female Figures in Waiting Room
47. Женска фигура во чекална, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Female Figure in Waiting Room
48. На прошетка 1, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Going for a Walk 1
49. На прошетка 2,1964, туш на хамер, 70,5x50
Going for a Walk 2
50. Војник на прошетка, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Soldier Going for a Walk
51. Војник во болничка соба, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Soldier in Hospital Room
52. Болнички третман, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Hospital Treatment
53. Спас, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Deliverance
54. Таткото Нове и мајката Васка, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Father Nove and Mother Vaska
55. Земјотрес 1, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Earthquake 1
56. Земјотрес 2, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Earthquake 2
57. Земјотрес 3, 1964, туш на хамер, 50x70,5
Earthquake 3
58. Земјотрес 4, 1964, туш на хамер, 70,5x50
Earthquake 4

Издавач:
Музеј на современата уметност, Скопје
Одговорен уредник:
Зоран Петровски
Организација на изложбата и каталог:
Марика Бочварова Плавевска
Предговор:
Марика Бочварова Плавевска
Превод:
Филип Корженски
Фотографии:
Марин Димески
Ликовно обликување:
Стефан Георгиевски
Скенирање:
"Скенпоинт", Скопје
Печат: "Догер", Скопје
Тираж: 500

*Publisher:*
*Museum of Contemporary Art, Skopje*
*Editor-in-Chief:*
*Zoran Petrovski*
*Organization of the exhibiton and catalogue:*
*Marika Bočvarova Plavevska*
*Introduction:*
*Marika Bočvarova Plavevska*
*Translation:*
*Filip Korzenski*
*Photographs:*
*Marin Dimeski*
*Lay-out:*
*Stefan Georgievski*
*printed by:* dogger
*500 copies*

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Климент Охридски", Скопје
74.036 (497.17) (060.64) Лозаноски, Р.
ISBN - 703 1

SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS
- SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ
- СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

Печатењето на каталогот го овозможи
Сорос центарот за современа уметност
*The catalogue was sponsored by SCCA*

спонзор:
Еуроинвест-Прилеп
Euroinvest-Prilep